Врз основа на член 13 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08 и 148/09, 41/14, 55/16 и 142/16), во врска со член 8, 12, 14 и 18 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар бр.01-2844/2 од 05.11.2013 година, 01-420/2 од 14.03.2014 година, 01-2644/3 од 18.12.2014 година, 01-344/2 од 19.06.2015 година и 01-437/3 од 17.10.2016 година и Одлуката за распишување на јавен конкурс за избор на надворешни соработници-контролори, бр.02-145/1 од 02.03.2017 година, Државниот испитен центар, распишува

## *ЈАВЕН КОНКУРС*
### *за избор на надворешни соработници –контролори*

Државниот испитен центар распишува Конкурс за избор на **надворешни соработници контролори на прашања/задачи за екстерно проверување на постигањата на учениците во основното и средното образование (гимназиско, средно уметничко, средно стручно образование со тригодишно и четиригодишно траење)** и тоа од следните области:

| Реден број | Област | Број на извршители на македонски наставен јазик | Број на извршители на албански наставен јазик |
|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик / Македонски јазик и литература | 2 | / |
| 2. | Одделенска настава по македонски јазик | 1 | / |
| 3. | Албански јазик/ Албански јазик и литература | / | 2 |
| 4. | Одделенска настава по албански јазик | / | 1 |
| 5. | Турски јазик | 1 | / |
| 6. | Српски јазик | 1 | / |
| 7. | Математика | 2 | 2 |
| 8. | Англиски јазик | 1 | 1 |
| 9. | Германски јазик | 1 | 1 |
| 10. | Француски јазик | 1 | 1 |
| 11. | Руски јазик | 1 | / |
| 12. | Италијански јазик | 1 | / |
| 13. | Биологија | 1 | 1 |
| 14. | Хемија | 2 | 2 |
| 15. | Физика | 2 | 2 |
| 16. | Географија | 1 | 1 |
| 17. | Историја | 1 | 1 |
| 18. | Информатика | 1 | 1 |
| 19. | Етика | 1 | 1 |
| 20. | Латински јазик | 1 | 1 |
| 21. | Социологија, Граѓанско образование, Запознавање со религиите | 1 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22. | Ликовна уметност | 1 | 1 |
| 23. | Музичка уметност | 1 | 1 |
| 24. | Педагогија | 1 | 1 |
| 25. | Психологија | 1 | 1 |
| 26. | Спорт | 1 | 1 |

| **Реден број** | **Област-средно стручно образование** | **Број на извршители на македонски наставен јазик** | **Број на извршители на албански наставен јазик** |
|---|---|---|---|
| 1. | Градежна | 1 | 1 |
| 2. | Архитектура | 1 | 1 |
| 3. | Геодетска | 1 | 1 |
| 4. | Графичка | 1 | / |
| 5. | Економска и трговска | 2 | 2 |
| 6. | Правна | 1 | 1 |
| 7. | Електротехничка | 2 | 2 |
| 8. | Стоматологија | 1 | 1 |
| 9. | Медицина | 1 | 1 |
| 10. | Фармација | 1 | 1 |
| 11. | Земјоделска | 2 | 1 |
| 12. | Ветеринарна и сточарска | 1 | 1 |
| 13. | Лични услуги (козметика) | 1 | 1 |
| 14. | Машинска | 2 | 2 |
| 15. | Автотехничка | 1 | 1 |
| 16. | Текстилна и кожарска | 2 | 2 |
| 17. | Угостителска и туристичка | 2 | 2 |
| 18. | Геолошко-рударска и металуршка | 2 | 1 |
| 19. | Технолошка | 1 | 1 |
| 20. | Шумарска и дрвопреработувачка | 2 | 1 |
| 21. | Сообраќајна | 2 | 2 |

Контролата на прашањата/задачите за екстерно проверување ќе се врши во периодот од месец ***април до месец мај 2017 година***.

Кандидатите за контролори треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од втор циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставно научниот кадар од универзитетите во Република Македонија;
- да имаат најмалку пет години работен стаж во воспитно образовна или научна дејност и
- да поседуваат компјутерски вештини.

**Потребни документи:**

- пријава во која треба да се наведе областа за која се пријавуваат;
- кратка биографија;
- доказ за државјанство;
- Уверение/диплома за завршено соодветно образование (оргинал или копија заверена на нотар);

– доказ за работен стаж во воспитно образовна или научна дејност;
– доказ дека се од редот на наставно научниот кадар од универзитетите во Р. Македонија и
– доказ за познавање на компјутерски вештини.

Пријавите со некомплетна и невалидна документација, како и пријавите кои ќе пристигнат по рокот утврден во овој конкурс нема да се земат предвид.

Заинтересираните кандидати кои веќе доставиле комплетна и валидна документација за конкурсот од претходната (јануарската) испитна сесија во учебната 2016/2017 година, потребно е да доставaт само пополнета пријава.

Кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови ќе бидат повикани на интервју по што ќе следи конечен избор.

Конкурсот трае **10 работни дена**, од денот на објавување во средствата за јавно информирање.

Пријавата со документацијата се доставува ***со препорачана поштенска пратка,*** на адресата на Државниот испитен центар на **ул. „Васил Ѓоргов“ б.б Скопје,** со назнака за јавен конкурс и област за која се пријавува кандидатот.

Дополнителни информации заинтересираните кандидати може да добијат на тел.02/3203-119 во интервал од 13-15 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР